Врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на НУ Македонска Филхармонија, член 13,14 и 15 од Деловникот за работа на управниот одбор, на седницата одржана на 22.01.2020 година, Управниот Одбор на НУ Македонска Филхармонија ја донесе следната:

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - "МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА"
Бр. 04-5/2
22.01.2020 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

Се усвојува приговорот на кандидатот Маријана Николовска, поднесен против Одлука бр.04-781/9 од 30.12.2019 година за неизбор на работно место пијанист со шифра КУЛ 03 04 А03 020 по јавен оглас бр.1/2019 година.

Се поништува Одлука бр.04-781/9 од 30.12.2019 година за неизбор на работно место пијанист донесена од Директорот на НУ Македонска Филхармонија, постапката за избор на работно место пијанист се враќа во прва фаза од аудицијата.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Кандидатката Маријана Николовска на ден 02.01.2020 година поднесе приговор заведен под бр.04-5/1 против Одлука бр.04-781/9 од 30.12.2019 година за неизбор на работно место пијанист до управнио одбор на НУ Македонска Филхармонија. Во приговорот кандидатката наведе, дека дел од водачите на групите на инструменти, јавно и транспарентно манифестираа несогласувања спрема отворање на работно место „ Пијанист“ кое го поткрепија и со писмена петиција упатена до Директорот на Филхармонија. Потоа дека ниту еден кандидат не ја добил можноста да продолжи во втора конкрусна фаза. Дека дел од лицата именувани во конкурсната комисија се потписници на петицијата против отворање на оваа работна позиција и дека тие во своето одлучување не се раководеле исклучиво од професионалните и уметнички способности на кандидатите.

Предложи управниот одбор да ги прифати аргументите содржани во приговорот и да ја поништи донесената одлука по првата фаза од аудицијата оджана на 30.12.2019 година.

По разгледување на изнесените наводи во приговорот, управниот одбор најде дека приговорот е основан од тие причини ГО УСВОИ поднесениот приговор и ја поништи одлуката бр.04-781/9 од 30.12.2019 година за неизбор на работно место пијанист како што е наведено во изреката на оваа одлука.

Доставено до:

Архива:

Кандидатите:

Директор:

Претседател на Управен Одбор
Ирена Јорданоска

СКОПЈЕ